СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

**Информација поврзана со 57-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одржано на 28.05.2026 година**

Во однос на точка 3 од Дневниот ред на 57-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одржана на 28.05.2026 година, а која се однесуваше на разгледување на предлози поднесени од имател(и) на приоритетни акции, односно:

3.1. Предлог-одлука за распределба на добивката на Стопанска банка АД Скопје за 2025 година и нераспределената добивка од претходни години,
3.2. Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот во однос на правата од приоритетните акции,

Банката информира за следното:

Од Претседавачот беше нагласено дека вакви предлози се однесуваат на правата на двата рода на акции — обични и приоритетни и согласно Законот за трговски друштва, ваквите одлуки мора да бидат одобрени одделно со потребното мнозинство од секој род на акции.

Следствено, сопствениците на обични акции гласаа против наведените предлози со доволно мнозинство, додека пак беше утврдено дека не е постигнат кворум од пријавени и претставени акционери сопственици на приоритетни акции.

Поради ова, **се утврди дека НЕМА кворум за разгледување и одлучување по точка 3 од Дневниот ред на 57-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје.**

1.6.2026 година, Скопје

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

Филип Втори Македонски бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | тел. 02 3295-295
SWIFT CODE: STOBMK2X | EMBS 4065549 | e-mail: sbank@stb.com.mk | www.stb.com.mk